Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë Së Veriut
Јавно претпријатие за јавни паркиралишта
Ndërmarrja publike për parkingje publike
ГРАДСКИ ПАРКИНГ - PARKINGU I QYTETIT
Бр.Nr. 02-309/7
07.05.2026

Врз основа на член 5 став 3,4 и 5 од Законот за јавните претпријатија (Сл,.весник на Р.М. бр.38/96,9/97,40/03,49/06,22/07,83/09,97/10,6/12,119/13,41/14,138/14,25/15,61/15, 64/18,35/19,275/19,89/22 и 274/22) и член 27 од Статутот на ЈП Градски Паркинг – Скопје, Управниот Одбор во рамки на своите права и овластувања на ден 07.05.2026 година ја донесе следнава:

# О Д Л У К А

**за усвојување на Тримесечен Извештај со показатели за финансиското работење на ЈП Градски паркинг-Скопје за период 01.01.2026 год. до 31.03.2026 год.**

***Член 1***

Предмет на оваа Одлука е усвојување на Тримесечен Извештај со показатели за финансиското работење на ЈП Градски паркинг-Скопје за период 01.01.2026 год. до 31.03.2026 год.

**Член 2**

Се задолжува Директорот на претпријатието горенаведениот Извештај да го достави до основачот и истиот да го објави на веб страната на претпријатието.

***Член 3***

Одлуката стапува на сила со денот на донесувањето.

ЈП Градски паркинг- Скопје
Скопје. 07.05.2026 година

УПРАВЕН ОДБОР НА
ЈП ГРАДСКИ ПАРКИНГ-СКОПЈЕ
Претседател,
м-р Боби Наумовски

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë Së Veriut
Јавно претпријатие за јавни паркиралишта
Ndërmarrja publike për parkingje publike
ГРАДСКИ ПАРКИНГ - PARKINGU I QYTETIT
Бр.Nr. 02-309/7
04 05 2026 год.-viti
СКОПЈЕ-SHKUP

J.П. ГРАДСКИ ПАРКИНГ
СКОПЈЕ
N.P. Parkingu i Qyetit - Shkup

# ТРИМЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ СО ПОКАЗАТЕЛИ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ ЗА ПЕРИОД ОД 01.01.2026-31.03.2026 ГОДИНА

# ВОВЕД

Во првиот квартал од годината, ЈП Градски Паркинг- Скопје оствари позитивен финансиски резултат – добивка на износ 12.815.443,00 денари.

Приходите заклучно 31.03.2026 година изнесуваат 77.218.693,00 денари.

Расходите се на износ 64.403.250,00 денари.

Составен дел на овој Извештај е Биланс на успех и Биланс на состојба.

# БИЛАНС НА УСПЕХ

## ЗА ПЕРИОД ОД 01 ЈАНУАРИ ДО 31 МАРТ 2026 ГОДИНА

| ПРИХОДИ – кл. 7 | 2026 година | 2025 година | разлика | Индекс |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| **ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ЈАВНИ ПАРКИРАЛИШТА** | 71.629.115,00 | 74.639.147,00 | -3.010.032,00 | 0,96 |
| | | | | |
| **ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ПАЈАК** | 4.864.443,00 | 6.479.474,00 | -1.615.031,00 | 0,75 |
| | | | | |
| **ОСТАНАТИ ПРИХОДИ** | 705.902,00 | 551.070,00 | 154.832,00 | 1,28 |
| | | | 0,00 | |
| **ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ** | 19.233,00 | 4.457,00 | 14.776,00 | 4,32 |
| **ВКУПНО ПРИХОДИ** | **77.218.693,00** | **81.674.148,00** | **-4.455.455,00** | **0,95** |
| **РАСХОДИ – кл.4** | **2026 година** | **2025 година** | разлика | Индекс |
| | | | | |
| **ТРОШОЦИ НА СУРОВИНИ И МАТЕРИЈАЛИ** | 3.046.685,00 | 3.614.592,00 | -567.907,00 | 0,84 |
| | | | | |
| **ТРОШОЦИ ЗА УСЛУГИ** | 12.588.188,00 | 11.330.115,00 | 1.258.073,00 | 1,11 |
| **ПЛАТА, НАДОМЕСТОЦИ ОД ПЛАТА И ДРУГИ ТРОШОЦИ НА ВРАБОТЕНИ** | 43.673.439,00 | 43.562.971,00 | 110.468,00 | 1,00 |
| | | | | |
| **ТРОШОЦИ ЗА АМОРТИЗАЦИЈА** | 2.551.787,00 | 2.730.573,00 | -178.786,00 | 0,93 |
| | | | | |
| **ОСТАНАТИ ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ** | 2.405.401,00 | 2.425.961,00 | **-20.560,00** | **0,99** |
| | | | | |
| **ОСТАНАТИ РАСХОДИ** | 136.074,00 | 54.978,00 | **81.096,00** | **2,48** |
| | | | | |
| **ФИНАНСИСКИ РАСХОДИ** | 1.676,00 | 6.064,00 | **-4.388,00** | **0,28** |
| **ВКУПНО РАСХОДИ:** | **64.403.250,00** | **63.725.254,00** | **677.996,00** | **1,01** |

## *ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ*

| ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ | 2026 ГОДИНА | 2025 ГОДИНА |
|---|---|---|
| | | |
| Вкупно приходи | 77.218.693,00 | 81.674.148,00 |
| Вкупно расходи | 64.403.250,00 | 63.725.254,00 |
| Добивка | 12.815.443,00 | 17.948.894,00 |

# *ПРИХОДИ*

Приходите за период 01.01- 31.03.2026 година изнесуваат 77.218.693,00 денари односно, како што следи:

- Сектор Јавни паркиралишта 71.629.115,00 ден.
- Сектор Пајак 4.864.443,00 ден.
- Останати приходи 705.902,00 ден.
- Финансиски приходи 19.233,00 ден.

## *ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ЈАВНИ ПАРКИРАЛИШТА*

Во рамки на Сектор Јавни паркиралишта реализирани се следните приходи:

| ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ЈАВНИ ПАРКИРАЛИШТА | 2026 година | 2025 година | разлика | индекс |
|---|---|---|---|---|
| **1. затворени паркинзи** | 26.729.689,00 | 25.948.441,00 | 781.248,00 | 1,03 |
| **2.зонско паркирање** | 35.409.798,00 | 39.854.635,00 | -4.444.837,00 | 0,89 |
| **3.катна гаража-Беко** | 6.207.698,00 | 5.711.201,00 | 496.497,00 | 1,09 |
| **4.катна гаража-26-ти Јули** | 3.281.930,00 | 3.124.870,00 | 157.060,00 | 1,05 |
| **Вкупно приходи:** | **71.629.115,00** | **74.639.147,00** | **-3.010.032,00** | **0,96** |

Во споредба со минатата година, вкупните приходи кај Сектор Јавни паркиралишта се намалени севкупно за 3.010.032,00 денари . Сметаме дека во најголем дел намалувањето на приходите се должи како резултат на зголемување на обврската за комунална такса. Во периодот што следи во претпријатието ќе се направат анализи на влијанието на висината на комуналната такса врз работењето на паркинзите.

## *ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ПАЈАК*

| ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ПАЈАК | 2026 година | 2025 година | РАЗЛИКА | ИНДЕКС |
|---|---|---|---|---|
| 1. дневен промет | 4.844.915,00 | 6.471.610,00 | -1.626.695,00 | 0,75 |
| 2.фактурирана услуга | 19.528,00 | 7.864,00 | 11.664,00 | 2,48 |
| Вкупно приходи : | 4.864.443,00 | 6.479.474,00 | -1.615.031,00 | 0,75 |

Вкупно остварен нето приход во Сектор Пајак изнесува 4.864.443,00 денари и е помал во споредба со минатата година за 1.615.031,00 денари. Во првиот квартал од годината наплатени се 2.645 возила односно 1.093 возила помалку во спордба со истиот период од минатата година кога се наплатени 3.738 возила.

Работата на сектор пајак во најголем дел е условена од соработката со МВР од причина што возилата се подигаат по налог на полиција. Постојат и други околоности кои влијаат на работењето на овој сектор како што се : соработка со комуналните инспектори, недоволната екипираност со вработени во однос на бројот на специјални возила со кои располага претпријатието, понатаму работењето е условено и од исправноста на возилата, временските услови итн.

## *ОСТАНАТИ ПРИХОДИ*

| ОСТАНАТИ ПРИХОДИ | 2026 година | 2025 година | разлика | индекс |
|---|---|---|---|---|
| од отпишани побарувања и обврски | 67.310,00 | 25.590,00 | 41.720,00 | 2,63 |
| од субвенции дадени во опрема | 367.902,00 | 367.902,00 | 0,00 | 1,00 |
| од наплатени судски трошоци | 164.883,00 | 72.606,00 | 92.277,00 | 2,27 |
| од наплата на штети | 67.351,00 | 17.200,00 | 50.151,00 | 3,92 |
| од др.надомест ,вонред. приходи, мин.години | 38.456,00 | 67.772,00 | -29.316,00 | 0,57 |
| Вкупно приходи : | 705.902,00 | 551.070,00 | 154.832,00 | 1,28 |

Во првиот првиот квартал од годината остварени се останати приходи на износ 705.902,00 денари.

Истите произлегуваат од наплата на отпишани побарувања и обврски 67.310,00 денари; приходи од субвенции и донации дадени во опрема 367.902,00 денари евидентирани во согласност со МСС стандарди; приходи од судски трошоци 164.883,00 денари приходи од наплата на штети 67.351,00 денари како и други приходи на износ 38.456,00 денари кои се однесуваат на наплата на оштетени блокатори,казни итн .

## *ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ*

Во оваа група спаѓаат приходи по основ камата, позитивни курсни ралики и слично. Заклучно месец март бележиме приходи на износ 19.233,00 денари.

# *РАСХОДИ*

Расходите заклучно 31.03.2026 година се на износ 64.403.250,00 денари.

## *ТРОШОЦИ ЗА СУРОВИНИ И МАТЕРИЈАЛИ*

| опис | 2026 година | 2025 година | разлика | Индекс |
|---|---|---|---|---|
| Потрошни помош.материјали и с-ва за чистење | 118.202,00 | 148.998,00 | -30.796,00 | 0,79 |
| Канц.матер.,фискал.бар код ролни, чип и греб картички | 269.419,00 | 444.127,00 | -174.708,00 | 0,61 |
| ел.енергија,парно | 1.544.100,00 | 1.972.899,00 | -428.799,00 | 0,78 |
| гориво и масло за подмачкување | 687.375,00 | 895.474,00 | -208.099,00 | 0,77 |
| Отпис на сит.инвент.авто гуми во употреба и ХТЗ опрема | 427.589,00 | 153.094,00 | 274.495,00 | 2,79 |
| **вкупно:** | **3.046.685,00** | **3.614.592,00** | **-567.907,00** | 0,84 |

Материјалните трошоци во првиот квартал од годината изнесуваат 3.046.685,00 денари. Оваа група на трошоци, споредена со минатата година, е помала во вкупен износ за 567.907,00 денари.

Во оваа група трошоци спаѓаат: потрошни- помошни материјали и средства за чистење 118.202,00 денари, канцелариски материјали, фискални ролни и бар код хатртија, чип и греб картички 269.419,00 денари, електрична енергија и парно 1.544.100,00 денари, гориво 687.375,00 денари како и трошокот за инвентар, автогуми и ХТЗ опрема 427.589,00 денари.

Од прегледот може да се забележи дека има намалување речиси кај сите трошоци во групата со исклучок на трошокот за ХТЗ опрема кој е поголем во однос на ланскиот квартал .

## *ТРОШОЦИ ЗА УСЛУГИ*

| опис | 2026 година | 2025 година | разлика | Индекс |
|---|---|---|---|---|
| **Поштенски,телефонаки услуги и интернет** | 568.163,00 | 585.765,00 | -17.602,00 | 0,97 |
| **Услуги за тековно одржување** | 2.481.104,00 | 2.627.415,00 | -146.311,00 | 0,94 |
| **Трошоци за наем** | 628.871,00 | 605.320,00 | 23.551,00 | 1,04 |
| **Комунални услуги** | 1.682.541,00 | 1.681.735,00 | 806,00 | 1,00 |
| **Останати услуги** | 275.775,00 | 203.815,00 | 71.960,00 | 1,35 |
| **Останати непроизводствени услуги** | 5.599.585,00 | 5.626.065,00 | -26.480,00 | 1,00 |
| **Останати услуги - времени вработувања** | 1.352.149,00 | 0,00 | 1.352.149,00 | - |
| **вкупно:** | **12.588.188,00** | **11.330.115,00** | **1.258.073,00** | **1,11** |

Во оваа група на трошоци спаѓаат: трошок за ПТТ услуги, телефон, електронски комуникации, трошоци за тековно одржување на материјални и нематеријални основни средства и ситен инвентар, градежни работи и бележење, трошоци за изработка на информативни табли, наем, комунални услуги, транспорт на пари, администрирање на системот за зонско паркирање како и трошок за времени вработувања.

Евидентирани се трошоци на износ 12.588.188,00 денари. Споредено со минатата година кога трошоците изнесувале 11.330.115,00 денари бележиме зголемување на износ од 1.258.073,00 денари.

Од прегледот видливо е намалување на поголем дел од трошоците во групата. Во споредба со минатата година порастот на трошоците се должи на тоа што во ова тромесечие бележиме трошок за времени вработувања на износ 1.352.149,00 денари. Минатата година во овој период од годината нема ангажирани работници преку агенција за времени вработувања.

## *ПЛАТА, НАДОМЕСТОЦИ ОД ПЛАТА И ДРУГИ ТРОШОЦИ*

| опис | 2026 година | 2025 година | разлика | Индекс |
|---|---|---|---|---|
| **вкалкулирани плати** | 43.285.219,00 | 43.038.406,00 | 246.813,00 | 1,01 |
| **отпремнина** | 0,00 | 84.018,00 | -84.018,00 | 0,00 |
| **јуб.награди за 10 год.стаж** | 200.880,00 | 206.199,00 | -5.319,00 | 0,97 |
| **Помош на вработени** | 187.340,00 | 234.348,00 | -47.008,00 | 0,80 |
| **вкупно:** | **43.673.439,00** | **43.562.971,00** | **110.468,00** | **1,00** |

Трошоците за плати, надоместоци од плати и други трошоци изнесуваат 43.673.439,00 ден. и се помали во споредба со минатата година за 110.468,00 денари.

Заклучно месец март бројот на вработени во јавното претпријатие изнесува 239 лица. Бројот на вработени во истиот период минатата година изнесувал 246 лица.

Трошокот за плати варира како резултат на флуктуации на вработените по основ на користење боледувања, неплатени отсуства, отказ, пензионирање, надоместоци од плата согласно колективен договор заради што трошокот на плата соодветно се менува. Бележиме помали трошоци за јубилејни награди и за помош на вработени. Не е евидентиран трошок за отпремнина Трошокот за вкалкулирани плати во однос на минатата година е поголем за 246.813,00 денари.

Во првиот квартал на годината евидентиран е трошок за јубилејна награда за 20 години непрекинат стаж во претпријатието за 4 вработени на износ од 200.880,00 денари со вклучен данок на личен доход а во согласност со колективен договор на претпријатието.

Евидентирани се трошоци за надоместок по основ непрекинато боледување во траење од 6 месеци за 1 вработен, помош по основ смрт на вработен како и помош за смрт на член на семејство во севкупен износ од 187.340,00 денари.

## *АМОРТИЗАЦИЈА*

Трошокот за амортизација изнесува 2.551.787,00 денари.

## *ОСТАНАТИ ТРОШОЦИ НА РАБОТЕЊЕ*

| **опис** | **2026 година** | **2025 година** | **разлика** | **Индекс** |
|---|---|---|---|---|
| **др.надоместоци на вработени,обуки исл.** | 10.780,00 | 10.667,00 | 113,00 | 1,01 |
| **хонорари на управен и надзорен одбор** | 228.891,00 | 413.337,00 | -184.446,00 | 0,55 |
| **репрезентација** | 68.547,00 | 19.958,00 | 48.589,00 | 3,43 |
| **трошоци за осигурување** | 510.879,00 | 372.861,00 | 138.018,00 | 1,37 |
| **банкарски провизии** | 261.113,00 | 231.415,00 | 29.698,00 | 1,13 |
| **трош за ДДВ** | 1.009.490,00 | 1.012.500,00 | -3.010,00 | 1,00 |
| **Останати трошоци на работењето** | 315.701,00 | 365.223,00 | -49.522,00 | 0,86 |
| **вкупно:** | **2.405.401,00** | **2.425.961,00** | **-20.560,00** | 0,99 |

Во групата „останати трошоци на работење" евидентирани се трошоци на износ 2.405.401,00 денари. Ако се споредат со минатата година кога изнесувале 2.425.961,00 денари, во вкупен износ се забележува намалување за 20.560,00 денари.

Во групата спаѓаат следните трошоци: надоместоци на вработените за обуки на износ 10.780,00 ден, надоместоци на органите на управување 228.891,00 денари, репрезентација 68.547,00 денари, осигурување 510.879,00 денари, банкарски провизии 261.113,00 денари, трошок за ДДВ 1.009.490,00 денари ; како и останати трошоци на работење-група во која евидентирани се трошоци во вкупен износ од 315.701,00 денари во која припаѓаат : трошоци за здравствени прегледи на вработените; правно-адвокатски-нотарски услуги, административни такси, членарини, договор на дело,трошоци за огласување и претплата на весници и стручни списанија,судски такси итн.

## *ВРЕДНОСНО УСОГЛАСУВАЊЕ НА НЕТЕКОВНИ И ТЕКОВНИ СРЕДСТВА*

Еидентирани се трошоци по основ на тужени побарувања на износ 69.300,00 денари кои се однесуваат за ненаплатени побарувања по основ на издадени доплатни карти заради неплатена услуга за зонско паркирање од 2024 година.

Минатата година во ова тромесечие не се евидентирани трошоци по основ на тужени побарувања.

## *ОСТАНАТИ РАСХОДИ*

Во оваа група, евидентирани се трошоци во вкупен износ од 66.774,00 денари и истите се однесуваат на трошоци за одобренија по рекламации на износ од 60.354,00 денари како и трошоци по одлука на ДКЖЈН на износ од 6.420,00 денари.

## *ФИНАНСИСКИ РАСХОДИ*

Во рамки на финансиски расходи бележиме трошок на износ 1.676,00 денари кој отпаѓа на казнена камата за задоцнето плаќање на обврски по основ електрична енергија, ѓубретарина , телефонија, јавни давачки итн.

# БИЛАНС НА СОСТОЈБА

## ЗА ПЕРИОД ОД 01 ЈАНУАРИ ДО 31 МАРТ 2026 ГОДИНА

| АКТИВА | 2026 година | 2025 година |
|---|---|---|
| | | |
| 1.ОСНОВНИ СРЕДСТВА | 28.300.794,00 | 34.560.393,00 |
| кл.00 | | |
| | | |
| 2.ЗАЛИХИ | | |
| кл.3 | 2.423.540,00 | 2.819.223,00 |
| | | |
| 3. ОБРТНИ СРЕДСТВА | 132.199.066,00 | 129.642.387,00 |
| кл.1 | | |
| | | |
| 4.АКТИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА | 447.157,00 | 411.764,00 |
| кл.1 гр.19 | | |
| ВКУПНО АКТИВА: | 163.370.557,00 | 167.433.767,00 |

| ПАСИВА | 2026 година | 2025 година |
|---|---|---|
| 1. ЗАПИШАН КАПИТАЛ | | |
| Државен јавен капитал | 153.052,00 | 153.052,00 |
| Останат капитал | 0 | 0 |
| | | |
| 2.Законски резерви | 15.305,00 | 15.305,00 |
| | | |
| 3.АКУМУЛИРАНА ДОБИВКА од претходни години | 103.611.940,00 | 67.361.422,00 |
| | | |
| 4.ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ – ДОБИВКА за прв квартал | 12.815.443,00 | 17.948.893,00 |
| | | |
| 5. КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ | 41.375.208,00 | 74.317.958,00 |
| кл.2 | | |
| 6.Одложени плаќање на приходи и расходи | 5.399.609,00 | 7.637.137,00 |
| ВКУПНО ПАСИВА: | 163.370.557,00 | 167.433.767,00 |

## *ОСНОВНИ СРЕДСТВА СО СОСТОЈБА 31.03.2026 ГОДИНА*

ЈП Градски Паркинг – Скопје заклучно 31.03.2026 година располага со основни средства чија сегашна вредност изнесува 28.300.794,00 денари вклучувајќи ги и основните средства евидентирани во подготовка кои сеуште не се ставени во функција.
Во првиот квартал од годината инвестирано е во набавка на следната опрема три клима уреди со набавна вредност 73.200,00 денари , осум УПС апарати на износ 240.000,00 денари како и педесет и осум компјутери на износ 2.987.600,00 денари.

## *ЗАЛИХИ*

Вредноста на залихите изнесува 2.423.540,00 денари.
Од нив, 1.575.005,00 денари претставуваат залихи на суровини и материјали односно се однесува на следните ставки: „ад блу" течност за потребите на сектор пајак, лед цевки и лед светилки за осветлување, кружни четки за потребите на машините за чистење, канцелариски материјал и обрасци, чип и греб картички, рибони, репрезентативни средства за потребите на кујната, средства за чистење.
Залиха на ситен инвентар 512.499,00 денари се состои претежно од залиха на блокатори за потребите на зонско паркирање, канцелариски мебел, батерии за мотороли, полначи за ПДА уреди, паркинг клешти, алат,радијатори,панелна греалка,сет за прва помош итн.
Претпријатието има на залиха ХТЗ опрема во вредност од 336.036,00 денари и истата се состои од заштитни ракавици, летни пантолони, поло маици, одела за дожд, флуоросцентни елечиња, чевли,кабаница итн.

## *ПАРИЧНИ СРЕДСТВА И ПОБАРУВАЊА*

Парични средства на трансакциските сметки со кои располага претпријатието збирно на 31.03.2026 година како и девизната сметка, благајна и виза картичка изнесува 106.860.255,00 денари.

Побарувањата од купувачите изнесуваат 23.928.425,00 денари. Нивна наплата се врши тековно во наредните пресметковни периоди.

Тужени побарувања има на износ 3.301.494,00 денари. Истите, во најголем износ проилегуваат од издадени доплатни карти заради неплатено зонско паркирање. Постапката за дел од предметите се води во судовите а дел од тужените побарувања во текот на 2012-та и 2013-та година се процесирани директно на нотар. Постапата за нивна наплата е во тек.

Евидентирани се и побарувања по основ повеќе платен персонален данок и придонеси од плата на вработен на износ од 845,00 денари.

Побарувањата од вработените се на износ 335.154,00 денари и во најголем дел се однесуваат на задолженија по основ ситни пари на паркинзи и паркомати , надминати телефонски лимити на службени телефони, исплатени надоместоци од плата, финансиски кусок од дневен промет .Побарувања од осигурителна компанија на износ 37.281,00 денари.Побарувања од кредитни- дебитни картички на износ 48.454,00 денари се всушност тековните побарувања од деловната банка по основ на дневен промет процесиран по пат на пос терминал а чија наплата се врши редовно секој нареден работен ден.

По основ платени аконтации за данок од добивка евидентираме износ од 988.652,00ден.

## *АКТИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА*

На сметките од група 19 евидентирани се трошоци на износ 447.157,00 денари кои ќе се реализираат во наредните периоди. Станува збор за трошоци од платени такси на нотари и извршители 438.478,00 денари, пресметани трошоци за чип картички на износ 8.474,00 денари и трошоци за претплата за радиофрекфенции 205,00 денари .

## *ОБВРСКИ*

Претпријатието нема долгорочни обврски.

По основ краткорочни обврски, претпријатието севкупно должи 46.77.818,00 денари. Од овој износ, 11.926.169,00 отпаѓа на обврски кон добавувачи, обврската за ДДВ за м.03 на износ 4.178.790,00 денари,обврска за аконтација на данок од добивка за месец март на износ 344.160,00 денари; обврски за надоместоци на членови на управен и надзорен одбор на износ 82.223,00 обврска за бруто плата на вработените за месец Март на износ 14.458.529,00 денари, обврски за данок од доход по основ на други лични примања и закуп кон физички лица на износ 8.667,00 ден. Обврската за комунална такса за извештајниот период кон Град Скопје изнесува 10.376.670,00 денари . Согласно Одлука на Совет на Град Скопје, на стартот на месец февруари извршено е зголемување на тарифата по која се пресметува обврската за комунална такса и истата е зголемена од 10% на 20%. Во овој квартал платена е обврска за комунална такса од 2022 година на износ 14.929.641,00 денари со цел спречување на дополнителни трошоци кои би настанале доколку не се плати обврската доброволно. Исто така доплатена е обврска за комунална такса од 2025 година на износ 7.471.229,00 денари.

## *ОДЛОЖЕНИ ПРЕСМЕТАНИ ПРИХОДИ И РАСХОДИ*

Износот на оваа категорија е 5.399.609,00 денари.
По основ извршени плаќања за услуга паркирање, а кои се однесуваат за наредниот пресметковен период, бележиме износ од 3.416.126,00денари. Други одложени приходи по основ претплати имаме на износ 368.043,00 денари.
По основ субвенции и донации од основачот Град Скопје доделени во опрема и пари, наменски, за набавка на опрема, белжиме одложени приходи на износ 1.120.346,00 денари.
Износот од 495.094,00 денари се однесува на пресметани а неплатени услуги во нареден пресметковен период .Се работи за обврски за закуп за месец јануари, февруари и месец март по основ договор за стопанисување со паркингот 8-ми Септември итн .

# ЗАКЛУЧОК

Претпријатието во првиот квартал од годината односно за периодот 01.01.2026-31.03.2026 година оствари позитивен финансиски резултат - Добивка на износ од 12.815.443,00 денари.

Она што го одбележа првото тромесечие од работењето на претпријатието е зголемувањето на обврската за комунална такса која Советот на Град Скопје ја изгласа на стартот на месец февруари годинава со што наместо и онака високата стапка од 10% се зголеми за двојно односно за 20%. Ваквата стапка на комунална такса сериозно ги оптеретува приходите на претријатието. Оттука, неминовно е зголеување на цените на услугите за паркирање кои не се сменети од 2011 година, дури имавме и намалување на цените за зонско паркирање за околу 20% во 2022 година.

Забележливо е намалување на оперативните приходи и кај услугите за паркирање и кај услугата за подигање на непрописно паркирани возила со специјалните пајак возила. Намалувањето на приходите во сектор јавни паркиралишта сметаме дека во најголем дел се должи на зголемување на обврската за комунална такса која во месец февруари двојно се зголеми односно од 10% се пресметува на 20%.

Намалувањето на приходите во сектор пајак е резултат на повеќе причини: од седум специјални пајак возила во функција се само три од причина што се работи во три смени и нема доволно екипи на возач и асистент на специјално возило кои би се ангажирале за другите возила ; намаленае соработка со МВР особено со воведување на

проектот "Safe Citty " во текот на 2026 година, намалена е потребата за ангажирање на специјалните пајак возила.

Забележливо е и намалување на трошоците во работењето , се внимава на висината на трошоците во работењето , се настојува навремено подмирување на тековните обврски кон добавувачите, даночните обврски, оврските кон вработените за плати и придонеси како и редовна наплата на побарувањата.

Истовремено во првиот квартал од годината извршено е значајно обновување на дел од ИТ инфраструктурата со тоа што се набавени компјутери и упс апарати.

Во период што претстои планирани се отворање на нови зони кои очекуваме да ги зголемат приходите на претпријатието а секако и трошоците во работењето. Како ќе се одвива работата на претпријатието зависи од целокупните услови на стопанисување.

*ИЗРАБОТИЛ:*
Раководител на сектор за финансии
и сметководствено работење
Катерина Палитова

ЈП ГРАДСКИ ПАРКИНГ- СКОПЈЕ
В.Д ДИРЕКТОР
Владимир Кроневски